АДВОКАТ

[redacted]

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите [redacted] претседател на советот, [redacted] и [redacted] и, членови на советот, во правната работа на тужителката [redacted] Скопје, против тужениот Адвокат [redacted] од Скопје, за надомест на материјална штета, вредност на спорот 154.500,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужениот, изјавена преку полномошник [redacted] адвокат од Скопје и жалбата на тужениот, изјавена лично, против пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје МАЛВП.бр.326/15 од 21.09.2016 година, на нејавната седница на советот одржана на 15.11.2018 година, ја донесе следната:

## П Р Е С У Д А

ЖАЛБИТЕ на тужениот, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопје II Скопје МАЛВП.бр.326/15 од 21.09.2016 година, СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Адвокат [redacted] од Скопје, да и плати на тужителката [redacted] од с.Марино Скопје, трошоци за одговр на жалба во износ 13.806,00 денари во рок 8 дена по приемот на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со обжалената пресуда делумно го усвоил тужбеното барање на тужителката [redacted] од Скопје и го задолжил тужениот [redacted] од Скопје да и плати на тужителката на име надомест на штета вкупен износод 130.900,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени сметано од 18.06.2015 година до исплатата, во рок од 8 дена по приемот на пресудата. Поголемото тужбено барање на тужителката за исплата на досудениот износ од 130.000,00 денари на законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени сметано од поднесување на тужбата 22.06.2011 година до 17.06.2015 година, го одбил како неосновано. Судот со решение делумно го усвоил барањето на тужителката за надомест на име трошоци во постапката и го задолжил тужениот да и надомети на тужителката на име трошоци во постапката вкупен износ од 155.804,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на пресудата. Поголемото гарање на тужителката за надомест на име трошоци во постапката од досудениот до бараниот износ од 257.926,00 денари, го одбил како неосновано.

Незадоволен од ваквата одлука на првостепениот суд останал тужениот, кој преку полномошник [redacted], адвокат од Скопје, изјавил навремена жалба со која ја

напаѓа првостепената пресуда поради сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право. Предлага жалбата да се уважи, обжалената пресуда да се укине и предметот врати на првостепениот суд на повторно разлгедување и одлучување или преиначи со тоа што ќе го одбие тужбеното барање на тужителот како неосновано и ќе го задолжи тужителот со трошоци по постапката, како и со трошоци за жалба.

Незадоволен од ваквата одлука на првостепениот суд тужениот, изјавил навремена жалба и лично, а со која ја напаѓа првостепената пресуда поради сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право. Предлага жалбата да се уважи, обжалената пресуда да се укине и предметот врати на првостепениот суд на повторно разлгедување и одлучување или преиначи со тоа што ќе го одбие тужбеното барање на тужителот како неосновано и ќе го задолжи тужителот со трошоци по постапката, како и со трошоци за жалба.

Одговор на жалба е поднесен од тужителката, преку полномошник Адвокатско друштво [redacted] од Скопје, со кој се оспоруваат жалбените наводи изнесени во жалбата на тужениот и предлага жалбата да се одбие како неоснована, а обжаленото решение да се потврди, како и да се адолжи тужителот со трошоци што тој ги имал со поднесување на одговорот за жалба по приложен трошковник.

Апелациониот суд Скопје по проучување на списите во предметот ценејќи ја обжалената пресуда и наводите во жалбите и во одговорот на жалбата, најде:

Жалбите се неосновани.

Неосновани се жалбените наводи за сторена суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од чл.343 ст.2 т.14 од ЗПП од причина што обжалената пресуда е јасна, разбирлива со доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел првостепениот суд при одлучувањето, не противречи и може во целост и со сигурност да се испита.

Неоснован е жалбаниот навод за погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Првостепениот суд врз основа на изведените докази во текот на постапката, ценети во смисла на чл.7 и 8 од ЗПП, правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба по однос на конкретната правна работа која во целост ја прифаќа и овој суд.

Во жалбата на тужениот се наведува дека со сигурност не е утврден фактот дали постои вина на негова страна, бидејќи не се знае од кои дејствија произлегува бараната материјална штета и во што се состои испуштената корист. Доколку се погледне самата уплатница на која што судот ја темели својата одлука може да се констатира дека уплатата е извршена од страна на физичко лице, а не од тужениот како правно лице - Адвокат [redacted] од Скопје кој како таков има свој даночен број, трансакциска сметка и депонент банка. Имено, првостепениот суд без правен основ, прејудицира дека како резултат на несовесното вршење на адвокатската дејност од негова страна, сега тужителката била спречена да оствари корист во износ од 126.400,00 денари која би ја остварила во една од посочените судски постапки. Меѓутоа, никаде во образложението на пресудата не стои врз основа на кој материјален пропис полномошниците на странките се во обврска да плаќаат судски такси во име на

странките, дотолку повеќе што во конкретниот случај тужителката воопшто не презентирала доказ дека му дала пари на тужениот за таквата намена. Оттука, не може да стане збор за повреда на правата и интересите на тужителката, па затоа тужениот во никој случај нема вина кога ги превземал процесните дејствија во име на тужителката како би бил одговорен за штета која фактички и не постои. Од тие причини жалителот укажува на погрешна примена на одредбите од член 141 вв. со член 178 од ЗОО.

Од друга страна во жалбата на тужениот лично, се истакнува дека првостепениот суд во повторената постапка не ја отстранил суштествената повреда и при тоа не утврдил од кои дејствија на тужениот произлегува бараната штета и во што се состои испуштената корист во износ од 130.000,00 денари. Исто така, не е изведен ниту доказ за утврдување на околноста на кој начин тужителката ги дала паричните средства на тужениот и за која цел било сторено истото. Имено, уплатата била извршена од физичко лице со свој матичен број, а не од страна на тужено правно лице - Адвокат [redacted] од Скопје, така што во конкретниот случај кај тужениот не постоела вина предизвикана поради неговото професионално работење, ниту пак испуштената корист за тужителката која го изгубила случајот. Ова дотолку повеќе што, никој па ниту тужениот не може да биде одговорен за штета кој фактички не настанала.

Овој суд ги ценеше истакнатите жалбени наводи и за истите најде дека се неосновани, од причина што видно од доказите во списите на предметот јасно произлегува дека тужениот како полномошник на тужителката при поднесување на тужба во нејзино име со уредно полномошно не доставил доказ за платена судска такса за тужба во законски предвидениот рок од 15 дена, поради што тужбата се сметала за повлечена. Како последица од незаконитото постапување на тужениот во својство на полномошник на тужителката во постапките П-4238/09 и 1472/08 настапила застареност на правото на тужителката да бара надомест на штета поради повреда на работно место од АДО Вардар Скопје, бидејќи изминал законскиот рок во кој тужителката со нова тужба можела да бара остварување на своето право. Видно од уплатницата приложена во поднесок П.бр.4238/09 од 26.10.2009 година јасно е дека тужениот го уплатил износот од 2.000,00 денари на име судска такса за тужба, меѓутоа во предметот заведен како П.бр.1472/08 за кој исто така тужителката дала пари на тужениот за судска такса за новоповедена постапка по ист основ произлезен од ист настан, сепак тужениот не доставил доказ за уплата на истата во законски предвидениот рок.

Имајќи предвид дека тужителката го изгубила правото да бара надомест на штета поради здобиената повреда од осигурителната компанија АДО Вардар Скопје истата има право да бара надомест на штета со оглед на фактот дека адвокатите имаат обврска да ги штитат правата и интересите на странките при вршење на адвокатската дејност и давање на правна помош, а тужениот како полномошник на тужителката по предходно наведените парнични постапки постапувал спротивно на одредбите од член 2 став 3 и член 17 став 1 од Законот за адвокатура.

Фактот дека тужителката платила такса за тужба во износ од 2.500,00 денари во постапката П-1472/08, исто така произлегува од списите по наведенот предмет, конкретно од писмениот налог бр.1472/08 од 22.11.2008 година за присилна наплата преку Управата за јавни приходи на износ од 2.500,00 денари на име такса за тужба од тужителката.

Тужителката преку тужениот како полномошник поднела нова тужба со ист основ - надомест на штета како и во предметот П-1472/08 произлезен од истиот настан, што е видно од списите на предметот 38 П-4238/09. Тужениот како полномошник на тужителката не достаавил доказ за платена судска такса за тужба во законски рок од 15 дена од денот на поднесување на тужата, поради што на 22.10.2009 година судот донел решение П-4238/09 со кое тужбата на тужителката се смета за повлечена. Имено, видно од поднесокот од 26.10.2009 година е дека тужениот како полномошник на тужителот во прилог на поднесокот доставил упалтница за платена такса за тужба во износ од 2.000,00 денари, потпишана од тужениот. Меѓутоа, видно од приемниот печат на судот е дека тужениот поднесокот го поднел на 26.10.2009 година, а рокот за плаќање на такса истекувал на 18.10.2009 година кој се паѓал во нереботен ден - недела, па зарати тоа истиот истекувал на 1.10.2009 година, со оглед дека тужбата била поднсеена на ден 05.10.2009 година, така што неспорно се утвфдило дејка тужениот поднесокот го поднел седум дена по истекот на законски предвидениот рок.

Фактот дека тужителката навремено му дала износ од 2.000,00 денари на тужениот за да ја плати судската такса за тужба во предвидениот рок и фактите во однос на начинот на кој тужтиелката му гои предала парите на тужениот, судот го утврдил од исказот на сведокот [redacted] кој во својот исказ пред судот детално го објасил начинот на кој парите за судска такса за тужба му биле предадени нат уженіот и времето на предавањето на паричнот износ. Имено, сведокот изјавил дека откако била завршена постапката П-1472/08, тужениот телефонски му се јавил на сведокот кој е сопруг на тужителката и му побарал 2.500,00 денари за поведување на нова постапка, со образложение дека постапката П-1472/08 била одбиена, односно тужбата се смета за повлечена. Сведокот појаснил дека во телефонскот разговор тужениот му кажал на сведокот дека сабота - 17.10.2009 година е последен ден за плаќње на судска такса, па од овие причини сведокот му ги дал бараните пари на тужителот на 16.10.2009 година во ден - петок, додека рокот истекувал во понеделник на 19.10.2009 година. Судот му поклонил верба на ваквиот исказ на сведокот, бидејќи истиот е во согласност со останатите докази, конкретно со исказот на тужителката која судот ја сослушал во својство на странка. При утврдување бна овој дел од фактичката сосотјба судот го иамл во предвид фактот дека тужениот не сакал да даде исказ пред судот во својство на странка и ова категорично го изјавил преку својот полномошник на рочиштето од 13.09.2016 година.

Во конкретниот случај, а при тоа имајќи ги предвид изведените докази неспорно се утврди фактот дека тужениот како полномошник - адвокат на тужителката, несовесно постапувал во постапката П-1472/08 и П-4238/09 на начин што пропуштил да превзема дејствија со цел заштита на правата и интересите на тужителката во наведените суски постапки и дека како последица на штетните дејствија на тужениот, тужителката претрпела штета во износ од 130.900,00 денари. Ова дотолку повеќе што туженот е адвокат кој ги знае и е должен да ги знае законските обврски, конкретно во однос на рокот за плаќање на таксите и обврската за задолжително присуство на рочиштето на тужителот, односно полномошник на тужител.

Со оглед на наведеното, а имајќи ги предвид предложените докази оценката на судот е дека во овој случај се исполнети двете претпоставки за настанувње на штета по сонов на вина - фактички да биде предизвикана штета и да биде пропишана одговорност на сторителот за предизвиканата штета, како последица на првиот елемент.

Во конкретиот случај, при повторното одлучување за тужбеното барање судот го имал во предвид фактот дека како последица на несовесното постапување на туженот во својство на полномошник на тужителката во постапката П-1472/08 и П-4238/0 против АДО Вардар Скопје, тужителката го изгубила правото да бара надомест на штета поради повреда на работно место од АДО Вардар Скопје со оглед дека е изминат законскиот рок од три години од член 369 од ЗОО, во кој рок тужителката можела да бара надомест на штета, а сето тоа како последица на штетните дејствија на туженот во постапките П-1472/08 и П-4238/09.

Предвид на наведеното, правилно првостепениот суд го применил материјалното право кога согласно одредбите од член 2 став 3 и член 17 став 1 од Законот за адвокатура в.в. со чл.141 и 142 од ЗОО одлучил како о изреката на својата одлука, со што во целост се согласува и овој суд, а жалбените наводи на тужениот во тој правец се неосновани.

Со оглед на горе изложеното согласно чл.357 од ЗПП, судот одлучи како во диспозитивот.

Бидејки жалбата е одбиена како неоснована, а тужителката преку полномошник Адвокатско [redacted] од Скопје, поднела одговор на жалба во кој бара трошоци за одговор на жалба, овој суд во смисла на одредбите од чл.160 ст.1 , в.в. со чл.158 ст.1 од ЗПП, го задолжи тужениот да и ги надомести на тужителката трошоците сторени во постапката по жалба во износ од 13.806,00 денари, а кои се однесуваат за состав на одговор на жалба со пресметани 18% ДДВ во рок од 8 дена по приемот на пресудата. Судот не досуди трошоци за такса за одговор на жалба, бидејќи во списите на предметот нема доказ дека истата е платена.

Апелационен суд Скопје [redacted] од 15.11.2018 година.

Претседател на совет-судија
[redacted]